# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2018

*Сабота, 7 јули 2018*

# БОЖЈА МИСИЈА

Идејата за мисионството била зачната на небото. Дури и пред гревот да се појави на овој свет, Тројството направило план за спасение на луѓето, доколку сатаната успее да го предизвика нивниот пад. Бог Отецот ќе го испрати својот Син во мисија за спасение на изгубените души.

Емануел – Бог со нас. Таа мисија скапо ќе Го чини.1

Христос, миленикот на небото, ја напуштил чистотата, мирот и радоста на Рајот за да ја исполни Божјата мисија во овој мрачен и со грев исполнет свет. Неговата мисија била јасна – да ги бара и да ги спаси изгубените.

Божјата мисија од почетокот останала непроменета и Тој со векови испраќал мисионери за да ја остваруваат Неговата цел.

## Да тргне во Божја мисија

Сто и дваесет години Ное ги молел жителите на претпотопниот свет да се подготват за потопот што претстоел (1. Мојсеева 6,3; 1. Петрово 3,20; 2. Петрово 2,5). И сто и дваесет години упорно се држел до Божјите ветувања и го поднесувал потсмевот и иронијата од страна на истите оние кои се обидувал да ги спаси.

Бог го испратил Аврама во мисија – да оди во земјата што Тој ќе му ја покаже и да изврши побожно влијание меѓу Хананејците, за да ги наведе да се покаат додека не биде предоцна. Пред нивното уништување, Бог им дал време на милост (1. Мојсеева 12,1-3; 15,15.16).

Јосиф, како тинејџер, против своја волја се нашол во странска земја. Но и покрај тоа, тој одлучил да биде Божји мисионер кој ќе внесе светлина и чесност во едно паганско домаќинство. Ни под најтешки околности неговата светлина не се намалила – дури ни зад решетките на египетскиот затвор. Подоцна, во текот на годините, во тежок час, Бог го употребил овој верен мисионер за да го спаси целиот Египет, но и пошироко (1. Мојсеева 37,25-28; 39,8.9, 21-23; 41,37-41).

**Обемна „мисионска обука“**

Мојсеј поминал обемна „мисионска обука“ – прво во скутот на својата мајка, која се „трудела... во неговата душа ум да всади Божји страв и љубов кон вистината и правдата, и најсесрдно се молела на Бога да го сочува од секое лошо влијание. Му ја разоткрила лудоста и гревот на идолопоклонството и од мали нозе го учела да клекне и да се моли на живиот Бог, кој единственио може да го чуе и да му помогне во секоја неволја.[2]

На дворот на фараонот, Мојсеј стекнал највисоко цивилно и воено образование, што многу му помогнало кога од Египет требало да изведе огромно мноштво луѓе и да ги води низ пустината (Дела апостолски 7,22). Но, пред да биде целосно подготвен да го изврши тоа дело, Мојсеј требало да помине и низ третата фаза од мисионската обука – онаа којашто Бог му ја обезбедил во пустината.

Елена Вајт пишува: „И тој требало уште да ја учи лекцијата на верата што во свое време морале да ја учат и Аврам и Јаков - за исполнувањето на Божјите ветувања да не се потпира врз човечка сила и мудрост, туку само врз Божјата сила... Во школата на самоодкажувањето и тешкотиите требало да се научи на трпение и на контрола над своите страсти. Неговото срце морало да биде во потполна хармонија со Бога за да биде во состојба да ги поучува Израелците на познавање на неговата волја.“3

Дури тогаш Мојсеј бил подготвен да служи како еден од најголемите Божји мисионери.

**Барај и спасувај**

Рава, една жена од Ерихон, успеала да го спаси целото свое семејство со тоа што им раскажала за својата средба со израелските согледувачи и својата вера во Бога ја споделила со нив (Исус Навин 2,12-14; 6,17).

Даниел и тројцата негови другари биле испратени како мисионери во моќното Вавилонско царство. Тие со години верно ја остваруvале Божјата мисија на царскиот двор. Благодарение на нивното сведочење, Навуходоносор конечно му го предал своето срце на единствениот вистински Бог. Неговото сведочење можете да го прочитате во книгата на пророкот Даниел 4,34-37.

Една млада израелска девојка служела како верен Божји мисионер во домаќинството на своите сириски господари, што на крајот довело до тоа Неман, заповедникот на царската војска да изјави: „Соломон имаше и седумдесет илјади носачи на товар, осумдесет илјади каменоресци во горатa" (2. Царевите 5,15).

Дури и пророкот Јона, против својата волја, придонел за спасението на своите нерпијатели, проповедајќи ја Божјата Реч на Ниневјаните (Јона 3,4-10).

**Божјата мисија во Новиот завет**

Божјата мисија во Новиот завет е иста како и во Стариот – да се бараат и да се спасат изгубените.

Исус, секако е најголемиот мисионер – Тој кој „беше Словото, и Словото беше во Бога, и Словото беше Бог.... И Словото стана тело и се настани меѓу нас и ја видовме Неговата слава" (Јован 1,1-14). Тој е оној кој ни ја откри Божјата мисија на љубов и милост во целата својата полнота.

Додека бил на Земјата, Исус на апостолите им пружал практична мисионска обука. Елена Вајт забележува: „Додека Исус му служел на непрегледното мноштво собрано околу него, неговите ученици биле присутни, подготвени да го извршат неговиот налог и да ја олеснат неговата работа. Помагале при распоредувањето на народот, ги доведувале болните кај Спасителот и создавале удобност за сите. Внимателно ги барале заинтересираните слушатели, им ги објавувале Писмата и на разни начини дејствувале во нивна духовна полза. Го пренесувале она што го научиле од Исуса и секој ден стекнувале богати искуства."[4]

Кога Исус ги испратил апостолите двајца по двајца (а подоцна и „седумнаесеттемина' – види Лука 10), им наложил Божјата мисија да ја остваруваат проповедајќи и зборувајќи дека „се приближи царството небесно" (Матеј 10,7). Освен тоа, им рекол: „Исцелувајте ги болните, воскреснувајте ги мртвите, очистете ги лепрозните, изгонувајте демони; бесплатно добивте, бесплатно давајте" (8. стих), потсетувајќи ги дека силата за сето тоа доаѓа одгоре, а не од нив самите.

**По воскресението**

Набргу по Христовото воскресение, на жените кои дошле на гробот им е доделена многу специфична мисија: „Туку одете и кажете им на Неговите ученици, и на Петра; дека 'Тој отиде пред вас во Галилеја; таму ќе Го видите, како што ви рече'" (Марко 16,7).

Уште двајца Исусови следбеници, Клеопа и неговиот пријател, истиот ден станале мисионери. Нивното срце „горело" во нив додека Исус им го објаснувал Писмото на патот за Емаус. А, потоа, не можејќи да ја задржат својата радост, побрзале заедно со својата од Бога дадена мисија на учениците да им кажат дека Исус станал (види Лука 24,13-35).

Непосредно пред своето вознесение, Христос повторно им наложил на своите ученици: „Одете по целиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание... А тие излегоа и проповедаа насекаде; а Господ помагаше и го утврдуваа словото со знаци, кои го придружуваа. Амин!" (Марко 16,15.20).

Кога размислуваме за мисионерите, секогаш се сеќаваме на Филип, кој бил испратен да му одржи библиски час и да го крсти великодостојникот од етиопскиот двор (Дела апостолски 8,26-40). Да се сетиме и на Стефан, кој храбро му сведочел пред еврејскиот Синедрион, иако тоа го платил со сопственот живот. Но, додека умирал со маченичка смрт, од неговата крв изникнал еден од најголемите мисионери – Савле, кој подоцна станал познат како Павле (Дела апостолски 7,58; 9,1-22). Мораме да се сетиме и на Варнава, Сила, Јован Марко и Тимотеј, кои одиграле важна улога во остварувањето на Божјата мисија.

**Други мисионери**

Во моќната книга *Големата борба* гледаме како Бог во текот на целата историја секогаш имал луѓе кои се подготвени да ја остваруваат Неговата мисија, дури и по цена на сопствениот живот.

Во 1874 година Црквата на адвентистите на седмиот ден своите први официјални мисионери ги испратила во Базел во Швајцарија – Џон Н. Ендрјус, со неговите две деца во нивните тинејџерски години, Мери и Чарлс. Жената на Ендрус, Ангелина, умрела две години пред тоа. За жал, во 1878 Мери добила туберкулоза и умрела.

Пет години подоцна, додека сè уште се наоѓал во Европа, Џон Ендрјус исто така умрел од туберкулоза и бил погребан во Базел.

Од тоа време илјадници адвентисти на седмиот ден заминувале низ целиот свет како мисионери. Како  Џон и Мери Ендрјус, многумина млади, а и оние постарите, го вложиле својот живот работејќи верно во Божјата мисија.

И покрај сите потешкотии, Божјата мисија продолжувала, така што до денес, благодарение, меѓу останатото, на жртвите кои одговориле на Божјиот повик да тргнат во странски земји – повеќе од 19 милиони луѓе, во повеќе од 200 земји во светот, ја прифатиле вистината каква што е во Исуса и се придружиле на ова движење, кое е предводено од Бога.

**Божјата мисија денес**

Денес, во овој свет со над 7 милијарди луѓе, сè уште има многу работа која треба да се заврши за да може Божјата мисија успешно да се спроведува. Бог нè повикува сите нас да ја одигра својата улога. Без оглед на вашите години, националност или пол, Бог ве повикува да бидете дел од Неговата мисија. Тој можеби ве повикува да бидете Негов мисионер во своето соседство, во училиштето, на работното место, каде било во вашата сфера на влијание. Каде и да се наоѓате, вие сте Му потребни во Неговата мисија – да ги барате и да ги спасувате изгубените.

Секојдневните контакти со другите претставуваат најлесен пат за сведочење. Дозволете му на Светиот Дух да ве води до вистинските луѓе, а потоа смирено и природно изнесете го своето сведоштво и на соодветен начин охрабрете ги под водство на Светиот Дух. Сведочењето треба да претставува радост и природен резултат на вашата заедница со Господа. Бог ќе ве подготви за патот.

Секој треба да биде дел од Божјата мисија! Важно е во остварувањето на таа мисија да останеме во блиска заедница со Господа преку постојана молитва, проучување на Библијата и Духот на пророштвото.

**Секој е мисионер**

Вдахновената реч вели: „Кога секој член на црквата би бил жив мисионер, евангелието брзо би било објавено во секоја земја, секоја народ, племе и јазик."[5]

Исус наскоро доаѓа! Дигнете ја високо таа парола и објавувајте ја на практичен начин, укажувајќи им на луѓето од своето опкружување на Оној кој ни дава спасение и кој ветил дека наскоро ќе нè одведе дома. Заедно работејќи, да ја довршиме својата од Бога дадена мисија во Неговата мудрост и сила. Кога секој ќе стане мисионер, да ја оствариме, „Тоталната вклученост на верниците" за да го забрзаме Христовото скорешно доаѓање!

*Пасторот Тед Вилсон е претседател на Црквата на адвентистите на седмиот ден.*

**Прашања за размислување**

1. Што преземаат членовите на вашата локална црква за да служат како мисионери во рамките на својата општествена заедница? Или на ниво на целиот свет?

2. Дали себеси се гледате како мисионер во своето соседство и во непосредното општествено опкружување, дури и ако сте имале можност да служите како мисионер во некоја друга земја? Ако се наоѓате во тоа, на кој начин го остварувате?

3. Дали ви е тешко со другите да зборувате за Исуса? Ако одговорот е да, зошто? Можете ли нешто да преземете за да се промени тоа?

[1] Елена Вајт, Патријарси и пророци, стр. 63 orig.
[2] Исто, стр. 243, 244 ориг.
[3] Исто, стр. 247 ориг.
[4] Елена Вајт, Копнежот на вековите, стр. 349 ориг.
[5] Елена Вајт, Testimonies for the Church, кн. 9, стр. 32, 33.

*Сабота, 4 август 2018*

## СИТЕ ВЕРНИЦИ ВО МИСИЈА

Оваа приказна се појавла во вестите пред неколку години. За жал, таквите случаи денес станале сосема вообичаени. Приказната почнува со нејзиното излегување во 2 часот наутро за да купи цигари. Тоа не е некоја здрава страст, ниту великодушно дело – што Ешли Смит ја бутнале во рацете на осуден силувач и убиец Брајан Николс. Тој со сила ја одвлекол назад во нејзиниот стан, ја врзал, ја ставил во кадата и ѝ рекол: „Нема да те повредам ако го правиш она што ќе ти кажам да го правиш“.[1]

Што би направиле вие во таква ситуација? Дали би преколнувале, би викале и би се молеле? Ешли Смит, во тој страшен момент на благословена благодат кон која сите имаме пристап, видела прилика да служи. Според нејзините зборови, таа разговарала со Николс, му направила појадок, му зборувала за себе, и го сослушала. Му ја открила сопствената потреба за благодат, сопствената ранливост која Бог ја излечил – и ситуацијата потполно се променила.

Тука била и жената која едвај успевала да владее со својата животна ситуација. Не била во состојба да се грижи за сопственото дете, и ѝ се случувало во 2 часот наутро да излезе и да купи цигари. Тука бил и мажот кој сакал да ја силува и да ја убие. Но, во тој момент се случило нешто чудно. Ешли Смит му се придружила на Бога во Неговата работа, и Николс се сретнал со Бога. Увидел дека и неговиот живот, иако исполнет со крвта и страдањето на другите, може да се промени. Ја ослободил Ешли и почнал да му служи на Бога во затворот. Тоа искуство го променило и животот на Ешли. Успеала да ги отфрли зависностите кои управувале со нејзиното однесување. Во разговорот со Николс, сфатила дека Бог ја променил и неа и ѝ дал смисла на нејзиниот живот.[2]

### Разговор кој преобразува

Еден друг ден, една друга жена, исто така скршена и посрамотена, која живеела во грев, излегла од куќата поради итна потреба. Одејќи напладне на бунарот на Јаков за да нацрпи вода, не ни можела да претпостави дека токму таа, пред да заврши денот, ќе стане

Божји мисионер за целиот свој град. Исус, кој од Јудеја патувал за Галилеја преку Самарија, застанал да се одмори кај Јакововиот бунар.

„Дојде една самарјанка, за да нацрпи вода. Исус и рече: „Дај Ми да пијам!" (Јован 4,7). Со тоа едноставно барање започнал разговорот кој ќе го преобрази нејзиниот живот.

Во тој разговор Исус го поттикнал интересот на жената, трпеливо одговарал на нејзините прашања и љубезно се соочил со нејзините животни одлуки. А, кога нејзиното срце било подготвено, Месија ѝ се открил. »Исус и рече: 'Јас Сум, Кој зборувам со тебе.'... Тогаш жената ја остави својата стомна и отиде во градот, па им рече на луѓето: 'Дојдете да Го видите Човекот, Кој ми кажа сѐ што сум направила! Да не е Тој Христос?' Тие излегоа од градот и тргнаа кон Него" (Јован 4,26.28-30).

Откако го пронашла Месија, оваа Самарјанка своето искуство го споделила со другите, потполно заборавајќи на својата итна потреба. Луѓето знаеле за нејзиниот грешен живот. Сигурно ја виделе промената во нејзиното однесување, бидејќи нејзиниот срам и страв исчезнале при средбата со Спасителот. И дошле кај Исус благодарение на нејзиното сведочење (Јован 4,39). Елена Вајт забележува: „Оваа жена го претставува дејствувањето на правата вера во Христа. Секој вистински ученик се раѓа за Божјето царство како мисионер. Оној што пие од водата на животот, станува извор на живот. Примателот станува давател. Христовата милост во душата е како извор во пустина, кој извира за да ги освежи сите и да направи оние што се близу до смртта да сакаат да пијат од водата на животот.[3]

Исус рекол: „Како што Ти Ме испрати Мене во светот, така и Јас ги испратив во светот" (Јован 17,18).

Бог нѐ повикува да ја делиме Неговата добра вест со сите со кои се среќаваме. Павле тоа вака го изразил: „Но мене ни најмалку не ми е за душата; само да го завршам радосно својот пат и службата, која ја примив од Господа Исуса: да го посведочам потполно Евангелието на Божјата благодат" (Дела апостолски 20,24). На крајот на краиштата, вели Павле, сите ние сме амбасадори – мисионери – кои се испратени во мисија да зборуваат за благодатта што ја примиле преку службата на помирување (2. Коринќаните 5,19).

**Порака на помирување**

Од самиот почеток, кога нашиот голем Бог-мисионер дошол да го побара изгубеното човештво во Едемската градина, Тој донел и порака за помирување на овој свет. Низ целата историја Бог непрекинато барал од својот народ секоја бариера – и културна, и религиозна и општествена да се надмине со оваа порака за благодатта. Тој за свои сведоци бирал луѓе од кои најмалку се очекувало – Аврам кој бил склон кон лажење, маловерната Сара, Јосиф кој сонувал соништа, плашливата Естира, Давид кој направил заговор со убиствена намера, гневливите Јаков и Јован, неверниот Томо, Петар кој се откажал од Него, расплаканата Марија, прогонителот Павле. Преобразени со пораката на благодатта и помирувањето, тие го промениле овој свет работејќи за Бога, а записите за нивниот живот продолжуваат да нè вдахнуваат сè до денешен ден.

Бог сите нас, како членови на своето Тело, нè повикува да му се придружиме на Неговата мисија за спасение на овој свет. Каква привилегија е да се работи за нашиот Бог, да се прави нешто што е од вечно значење, да се носи помирување, да се подготвуваат луѓето за Исусовото скорешно доаѓање! Таквата работа бара посветеност и свесно залагање и покрај сè она што ни го одвраќа вниманието, и покрај нашата презафатеност и сосредоточеност на самите нас. Сепак, Бог сака да работиме сите заедно, бидејќи секој од нас посебно е оспособен да допре токму до оние луѓе со кои се среќава.

Бог во животот на Брајан Николс довел некој чие сведочење било соодветно за да го допре неговиот живот. Дали сте доживеале неуспех, дали сте биле ранети а после тоа сте пронашле утеха и исцелување во Исуса? Дали Бог дејствува во вашиот живот? Тој сака истото да го направи и со нас, само ако сме подготвени да Му се ставиме на располагање. Сите можеме да доживееме неуспех, да бидеме ранети а потоа да пронајдеме утеха и исцелување во Исуса. Тоа е пораката која Тој сака да им ја пренесеме на другите. Какви се вашите интересирања, кој е вашиот позив, што е тоа што посебно го сакате? Во својата мисија во светот, Бог сака да го употреби сето она што вие го претставувате.

Тој на секој од нас му дал единствено сведоштво, единствено жи-

вотно искуство, и единствен позив. Иако можеби мислиме дека немаме што да поделиме со другите, иако можеби ни недостасува образование или немаме некоја истакната положба во општеството, сите можеме да им зборуваме на другите за тоа што направил Бог за нас. Мене ми се допаѓа коментарот на Елена Вајт во врска со сторијата за двајцата опседнати луѓе (Матеј 8,28-34; види и Марко 5,1-20): „Двајцата луѓе, излечени од демоните, биле првите мисионери што ги испратил Исус да го проповедаат евангелието во областа на Декаполис. Овие луѓе имале предимство да го слушаат Исусовото учење само неколку мига. До нивните уши никогаш не допрела ниту една проповед од неговите усни. Не можеле да го поучуваат народот како што можеле тоа да го прават учениците што секојдневно биле со Исуса. Меѓутоа, во својата личност носеле докази дека Исус бил Месија. Можеле да го кажат она што го знаеле; она што самите го виделе и го чуле и го почувствувале од Христовата сила.“[4]

Бог во нашиот живот ќе доведе луѓе на кои можеме на најдобар начин да им служиме. Дури и кога станува збор за оние од кои ништо добро не може да се очекува, како што сфатила Ешли Смит. Бог ни пружа прилика да им ја пренесеме Неговата порака за благодаттта и помирувањето, кои можеме да ги занемариме само на сопствен ризик. Конечно, Големиот налог (Матеј 28,19.10) не е само Голем предлог. Должност е и привилегија на секој христијанин да му се придружи на Бога во Неговата работа за овој свет. А, најдобриот начин да почнеме со тоа е – каде и да се наоѓаме, со кого и да се сретнеме – да му раскажеме како Бог дејствувал во нашиот живот. Бог активно работи во овој свет. Ќе сакате ли да му се придружите во Неговата работа?

**Прашања за размислување и разговор:**

1. Од кои сѐ причини често чувствуваме дека немаме што да им кажеме на луѓето околу нас?

2. Можете ли да се сетите и на некои други библиски стории во кои Бог употребил необични гласници?

3. Како можеме да се сретнеме со луѓето на кои им е потребно да го слушнат нашето сведочење?

*Д-р Черил Дос е директорка на Институтот за Светската мисија при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден*

[1] Time, Mar. 20, 2005.

[2] Interview with Katie Couric, Yahoo News, Sept. 15, 2015.

[3] Elen G. Vajt, Копнежот на вековите, стр. 195 оригинал.

[4] Elen G. Vajt, Во потрага по подобар живот, стр. 99 ориг.

*Сабота, 1 септември 2018*

## ПРЕОБРАЗЕНИ ВО МИСИЈАТА

Исусовиот повик е повик на мисија. „Дојдете по Мене", вели Тој, „и Јас ќе ве направам рибари на луѓе" (Матеј 4,19). Кога ги повикувал учениците, Негова цел била да ги обучи да станат мисионери. Но, на кој начин тие обични рибари се преобразени во именувани сведоци од Бога?

Откако знам за себе, со сето срце копнеев да му служам на Бога. Но, додека се трудев да поминувам време со Него, Бог ме водеше на неочекувано и често предизвикувачко патување, во текот на кое станував сè посвесен за своите многубројни слабости и големи склоности кон гревот. Зошто Бог би ја искористил мојата желба за преобразување на карактерот и за сведочење и дозволува да доживеам нешто навидум сосема спротивно?

Тоа се случува поради следното: Кога Исус ќе нè повика да Му се придружиме во Неговата мисија, Тој нè води по патот на преобразба. А тоа патување почнува така што Тој нè наведува да почувствуваме колку навистина ни е потребен.

### Три чекори до преобразба

Исусовото крштавање ни илустрира процес кој се одвива во срцевината на секоја духовна преобразба, која дава основа за нашиот одговор на налогот: „Одете... и научете ги сите народи" (Матеј 28,19). Тој со крштавањето е воведен во службата која овој свет го превртела наопаку, Лука забележува што се случило додека Исус

по своето крштавање, се молел: „Кога се крсти сиот народ - се крсти и Исус и кога се молеше - небото се отвори, и Светиот Дух слезе на Него, во телесен облик, како гулаб, и се чу глас од небото“ (Лука 3,21.22). Треба да забележиме како трите последователни чекори во овој стих – смртта, молитвата и симнувањето на Светиот Дух – доведуваат до натприродно одобрување на Неговата мисија. Да ги анализираме.

Прво, смртта на грешното „јас“, илустрирана со Исусовото нурнување во водениот гроб. Смртта секогаш е почеток на преобразбата, бидејќи смртта создава неопходен простор за да може Бог да се открие.

Сепак, треба да имаме на ум дека „Исус крштавањето не го примил како признавање на некоја своја сопствена вина. Тој се поистоветил со грешниците, правејќи чекор што треба ние да го преземеме и извршувајќи работа што мораме ние да ја свршиме. Неговиот живот на страдања и стрплива истрајност по крштавањето исто така е пример за нас“.[1]

Исус ја опишал смртта како предуслов за ученииштвото кога изјавил: „Ако некој сака да оди по Мене, нека се одрече од себеси и нека го земе својот крст секој ден, и нека Ме следи“ (Лука 9,23). Исусовиот повик да Го следиме носејќи го својот крст не е повик да носиме некој тежок предмет со што би ни се загорчил животот. Тој повик да умреме, и заедно со Павле да кажеме: „Со Христа сум распнат“ (Галатјаните 2,20). Како што и Елена Вајт истакнала: „За да имаме сила мораме потполно да се надеваме во Христа. Нашето ’јас’ мора да умре.“[2]

Ние не можеме да го следиме Исуса во животот доколку не Го следиме до местото на секојдневното умирање. Нашиот живот потоа станува „жива жртва“ (види: Римјаните 12,1). Но, јас тоа не го правам ни природно ни со задоволство. Затоа, Исус може да ме поведе на некои неочекувани и, човечки гледано, непријатни патеки на кои стекнувам подлабоко чувство за својата слабост и грешност, што ме поттикнува сè што имам и сè што сум да го посветам Нему.

Второ, молитва за подготовка: Кога согледувам дека во мене нешто природно добро ме наведува да паднам на колена и да упатувам топли молитви за Бог да се открие преку мене. Потребна ми е таа

подготовка за која Исус се молел на брегот на Јордан: »Додека ја излевал душата во молитва, погледот на Спасителот како да проникнувал во небото. Добро знаел како гревот ги стврднал човечките срца, и колку ќе им биде тешко да ја распознаат неговата мисија и да го прифатат дарот на спасението. Тој го молел Отецот за сила да го победи нивното неверување, да ги скрши оковите со кои сатаната ги заробил и за нивно добро да го победи рушителот.“[3]

Единствено натприродната сила од небото може паднатото човечко суштество да го направи корисно за Божјите космички цели. Таа сила доаѓа како одговор на сесрдната молитва. „Секој работник во Божјето дело треба да му ги упатува своите молитви на Бога за секојдневно крштавање со Светиот Дух.“[4] А тоа е токму она следното што се појавува во нашата илустрација, кога Исус го примил Светиот Дух.

Трето, спуштањето на Светиот Дух, или крштавањето со Светиот Дух за мисија: кој бил резултатот од спуштањето на Светиот Дух над Исус? Забележете ги двете мисли што ги изнесува Лука. Прво, тој пишува дека Исус, „А Исус исполнет со Светиот Дух, се врати од Јордан, и Духот Го водеше во пустината четириесет дена, каде беше искушуван од ѓаволот. А во тие дни не јадеше ништо, а кога поминаа тие, Тој огладне“ (Лука 4,1.2). Исус го победил сатаната затоа што бил „исполнет со Светиот Дух“. Другата мисла се наоѓа во следната сторија. Лука објаснува: „И Исус се врати, во силата на Духот, во Галилеја... А Тој поучуваше по нивните синагоги и сите Го прославуваа“ (Лука 4,14.15).

Потоа Исус во синагогата го објаснува своето крштавање со Духот: „И сите, како договорени, почнаа да се извинуваат. Првиот рече: ‘Купив нива и треба да отидам да ја видам. Те молам, извини ме!’ Другиот му рече: ‘Купив пет двојки волови и одам да ги пробам; те молам, извини ме!’“ (Лука 4,18.19). Крштевањето со Светиот Дух го оспособило Исуса да го победи сатаната и да го објави евангелието со божествената сила.

Така и ние треба да бидеме крстени со Светиот Дух. Матеј, Марко и Лука известуваат за тоа дека Јован Крстител кажал за Исус: „Тој ќе ве крсти во Светиот Дух“ (Лука 3,16; Матеј 3,11; Марко 1,8). И за тоа како Го претставил Јован Крстител: „Врз Кого ќе видиш да

слегува Духот и да останува над Него, Тој е Оној, Кој ќе крштава во Светиот Дух“ (Јован 1,33).

**Единствено со божествената сила**

Како ученик кој е повикан да биде мисионер, јас во потполност зависам од крштавањето со Светиот Дух. Вистина, Бог ми давал дополнителна сила во текот на целиот живот. Веќе 20 години моето срце речиси зависи од надворешниот извор на сила - од пејсмејкер – бидејќи само по себе нема доволно сила. За жал, дури и како пастор забележувам дека извесно време ја извршувам Божјата работа во сопствената сила пред да забележам дека нешто не е во ред. Она што за мене е вистинито во физички поглед, вистинито е за сите нас и во духовен поглед. Не можеме да станеме преобразени ученици, па според тоа не можеме во вистинска смисла да бидеме сведоци на Божјиот карактер, ниту на Неговите намери, без божествената сила која доаѓа надвор од нас.

Но, како што Бог нè води на патувањето и притоа ни покажува дека без Него не можеме да правиме ништо (Јован 15,5), нè учи секојдневно да умираме за своите сопствени планови и ја продлабочува нашата желба за Него за да не оспособи за мисијата, со што Исус секој ден ќе нè крштева со Светиот Дух. Тогаш ќе можеме да појдеме во своето соседство со сила која ќе го збуни сатаната и ќе го преобрази животот на неброено мноштво.

**Прашања за размислување:**

1. Во што е разликата меѓу повикот кој им бил упатен на апостолите и оној што ни е упатен нам денес?

2. Што е „огненото крштавање“?

3. Дали и вас Бог ве водел низ овие три чекори за коишто денес читавме? На кој начин?

*Гавин Ентони работи како пастор во Даблин, во Ирска.*

[1] Елена Вајт, Копнежот на вековите, стр. 111 ориг.

[2] Елена Вајт, Testimonies for the Church, кн. 5, стр. 219.

[3] Елена Вајт, Копнежот на вековите, стр. 111, 112 ориг.

[4] Елена Вајт, Делата на апостолите, стр. 50 ориг.

**Градиво за саботна школа**
**МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ 3/2018**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
**Одделение за саботна школа**
**Христијанска адвентистичка**
**црква во Р. Македонија**

**Подготвил: Мелита Томовска**

**Одговара: Томе Трајков**

**За интерна употреба**